ПРЕДЛАГАЧИ: Група пратеници

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР, ПО СКРАТЕНА ПОСТАПКА

Скопје, февруари 2025 година

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - Скопје
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - Shkup

| Примено: E pranuar: | 06. 02. 2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Njësia Org | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlerë |
| 08 | 7111/1 | | |

ДО
ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 71 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139, 144 и 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија Ви поднесуваме Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, по скратена постапка.

ПРАТЕНИЦИ:

Бојан Стојаноски
Ели Панова
[illegible] Ковачки
Љупчо Пренџов
Маница Станојевиќ
Бране Петрушевски



2

ВОВЕД

I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИТЕ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 101/19), се уредуваат условите, начинот и постапката за остварување на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер со кои располагаат органите на државната власт и други органи и организации утврдени со закон, органите на општините, градот Скопје и општините во градот Скопје, установите и јавните служби, јавните претпријатија, правни и физички лица што вршат јавни овластувања утврдени со закон и дејности од јавен интерес и политичките партии во делот на приходите и расходите. Воедно, со овој закон се уредуваат условите за избор и разрешување на директор, односно заменик директор на Агенцијата за слободен пристап на информации од јавен карактер.

Со Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер се врши промена во условите кои се однесуваат на именување на директор, односно заменик директор на Агенцијата за слободен пристап на информации од јавен карактер, во однос на условот за познавање на странски јазик, како и се допрецизираат условите за разрешување на директор, односно заменик директор на Агенцијата за слободен пристап на информации од јавен карактер.

II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер се заснова на истите начела на кои е заснован и слободен пристап до информации од јавен карактер.

III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот на закон не предизвикува финансиски импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија.

IV. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИНОТ НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на предложениот закон не се потребни дополнителни финансиски средства од Буџетот на Република Северна Македонија.

V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Врз основа на членот 175 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, имајќи во предвид дека не се работи за сложен и обемен закон, се предлага Собранието да расправа по Предлог на законот по скратена постапка.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Член 1

Во Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 101/19), во член 32 во став (3) точката 6) се менува и гласи:

„поседува уверение, сертификат или друг документ за положен испит за познавање на еден од четирите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски и германски) на ниво Б2 од Европската референтна рамка за јазици, издадени од установа или институција во државата или од странство, регистрирана како давател на оваа услуга.“

Член 2

Во член 33 ставот (3) се менува и гласи:

„Собранието на Република Северна Македонија го разрешува директорот на Агенцијата, односно неговиот заменик по предлог на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Северна Македонија.“

По ставот (3) се додава нов став (4), кој гласи:

„(4) Директорот на Агенцијата, односно неговиот заменик може да биде разрешен и пред истекот на мандатот за кој е именуван и во следните случаи:

- ако се утврди дека не исполнува еден од условите утврдени во членот 32 став (3) од овој закон,
- ако одбие да поднесе изјава за имотна состојба и интереси согласно со закон или ако податоците содржани во изјавата во голем дел се невистинити,
- ако не поднесе годишен извештај за работа на Агенцијата до Собранието на Република Северна Македонија согласно со овој закон,
- ако Собранието на Република Северна Македонија не го усвои годишниот извештај за работа на Агенцијата,
- очигледно ги прекрши правилата за судир на интереси, односно изземање во ситуации во кои директорот, односно неговиот заменик, знаел или требало да знае за постоење на некоја од основите за судир на интереси, односно изземање предвидено со закон или
- ако без оправдани причини не ги почитува роковите за преземање одредени дејствија согласно со овој закон.“

Ставовите (4) и (5) стануваат ставови (5) и (6).

Член 3

Агенцијата за слободен пристап до информации од јавен карактер е должна до Собранието на Република Северна Македонија да достави годишен извештај за работата за претходната година во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 4

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ

Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, содржи 4 члена.

Со членот 1 се врши усогласување на содржината на одредбите на член 32 со насловот на истиот, како и се менува точката 6) на ставот (3) во однос на условот за познавање на еден од четирите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски и германски) на ниво Б2 од Европската референтна рамка за јазици, издадени од установа или институција во државата или од странство, регистрирана како давател на оваа услуга.

Со членот 2 се врши допрецизирање на случаите за разрешување на директорот на Агенцијата за слободен пристап до информации од јавен карактер, односно неговиот заменик пред истекот на мандатот.

Со членот 3 се предвидува одредба за доставување на годишниот извештај за работата на Агенцијата за претходната година до Собранието на Република Северна Македонија во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Со членот 4 е уредено влегувањето во сила на овој закон.

II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во предложените одредби се меѓусебно поврзани и сочинуваат правна целина.

III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложениот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер се уредуваат условите за именување и разрешување на директор, односно заменик директор на Агенцијата за слободен пристап до информации од јавен карактер.

## ТЕКСТ НА ОДРЕДБИТЕ ОД ЗАКОНОТ ЗА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР ШТО СЕ МЕНУВААТ, ОДНОСНО ДОПОЛНУВААТ

Именување на директорот и на неговиот заменик

Член 32

(1) Директорот на Агенцијата и неговиот заменик ги именува и разрешува Собранието на Република Македонија по предлог на Комисијата за прашања на изборите и именувањата за време од шест години, со право на еден повторен избор.

(2) Директорот на Агенцијата и неговиот заменик се именуваат врз основа на јавен оглас кој се објавува во три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Македонија, од кои еден се издава на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик. Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија подготвува предлог на листа од кандидатите за директор на Агенцијата и неговиот заменик и ја доставува до Собранието на Република Македонија.

(3) За директор на Агенцијата и неговиот заменик се именува лице кое ги исполнува следниве услови:

1) е државјанин на Република Македонија;

2) има високо образование со стекнати најмалку 300 кредити според ЕКТС или VII/1 степен на образование од областа на правните науки; 3) има најмалку осум години работно искуство во областа на информирањето и правните науки;

4) да не било вршител на функција во орган на политичка партија во последните десет години;

5) со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност и

6) поседува еден од следниве меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години: - ТОЕФЕЛ ИБТ - најмалку 74 бода, - ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода, - ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво, - ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) - положен, - БУЛАТС (BULATS)-најмалку 60 бода, - АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2).

Престанок на функцијата и разрешување на директорот и на неговиот заменик

Член 33

(1) На директорот на Агенцијата, односно на неговиот заменик му престанува функцијата пред истекот на мандатот за кој се именувани:

- ако трајно ја изгуби способноста за вршење на функцијата, што го утврдува Собранието на Република Македонија,

- ако поднесе оставка,

- по лично барање,

- поради исполнување услови за старосна пензија утврдени со закон, со право на продолжување согласно со прописите за работни односи,

- поради смрт,

- ако со правосилна одлука му е изречена забрана за вршење забрана за вршење на професија, дејност или должност или

- ако со правосилна судска одлука е осуден на казна затвор од над шест месеци.

(2) Собранието на Република Македонија во случаите од ставот (1) на овој член констатира престанок на функцијата.

(3) Собранието на Република Македонија го разрешува директорот на Агенцијата, односно неговиот заменик по предлог на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија, ако е исполнет еден од следниве услови:

- ако се утврди дека не исполнува еден од условите утврдени во членот 32 став (3) од овој закон,

- ако одбие да поднесе изјава за имотна состојба и интереси согласно со закон или ако податоците содржани во изјавата во голем дел се невистинити,

- очигледно ги прекрши правилата за судир на интереси, односно изземање во ситуации во кои директорот, односно неговиот заменик, знаел или требало да знае за постоење на некоја од основите за судир на интереси, односно изземање предвидено со закон или

- ако без оправдани причини не ги почитува роковите за преземање одредени дејствија согласно со овој закон.

(4) Во случај на престанок на функцијата или разрешување на директорот на Агенцијата, до изборот на нов директор на Агенцијата, функцијата на директор на Агенцијата, ја врши заменикот на директорот, со сите овластувања кои ги имал директорот.

(5) Во случај на разрешување, односно престанок на функцијата на директорот на Агенцијата, односно на заменикот на директорот, пред истекот на мандатот, Собранието на Република Македонија најдоцна во рок од десет дена започнува постапка за избор на нов директор на Агенцијата, односно заменик на директор.